РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 04.05.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 25-11/84 | | |

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

ОД :Политичка партија :

Движење за држава и правда -ДДП
Со адреса, Благоја Тоска бр.2 Б
Тетово

До: Државен завод за Ревизија

на Р.С.М.

Почитувани :

Во врска на добивање на Известије од Државен Завод за Ревизија ве известиме дека нашиот субјект : Политичка партија-Движење за држава и правда дека освен основањето на ден 02/05/2018 година и субјектот уште не е активен .

Од друга страна уште немаме отворено жиросметка, немамо добиено финансиска помош ниту од правното лице или од физичко лице.

Тетово 29/04/2020

Претседател ________

ДВИЖЕЊЕ ЗА ДРЖАВА И ПРАВДА

«РПП-1/18»

ОСНОВНИОТ СУД ВО ТЕТОВО, надлежен суд за водење на судскиот регистар на Политички Партии со судијата ДУШАНКА МЕРЏАНОСКА,како судија поединец, решавајки по барањето за запишување во судски регистар на Политички Партии на Политичката Партија во основање,**ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА, ДВИЖЕЊЕ ЗА ДРЖАВА И ПРАВДА** со седиште во Тетово ул. Благоја Тоска бр.2Б поднесена преку полномошникот адвокат Томислав Сарковски од Тетово,согласно членовите 17,18 и 21 од Законот за Политички Партии Сл.весник на РМ 76/04,5/07, 8/07, 5/08 и 23/13 на ден **02.05.2018** година го донесе следното:

ОСНОВЕН СУД - ТЕТОВО
ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА
17.05.2018 год.
Судија

17-5-2018

**Р Е Ш Е Н И Е**

Во судскиот регистар на Политички Партии што се води во Основен суд Тетово под РПП 1/18,**СЕ ЗАПИШУВА,**

**ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА со име ДВИЖЕЊЕ ЗА ДРЖАВА И ПРАВДА с**о скратено име **ДДП,** со седиште во Тетово ул. Благоја Тоска бр 2Б.

Лице кое ќе ја застапува и претставува Политичката Партија и воедно Претседател на истата е **АДНАН АБДУЛАИ** од Тетово ул.Дреновец ББ.

Лице одговорно за материјално финансиско работење на Политичка Партија е **АШИМ МУРТЕЗАНИ** од с.М.Речица ул.101 ББ.

Политичка Партија стекнува својство на правно лице и може да започне со работа од **02.05.2018 година.**

Политичка Партија е должна во рок од 15 дена од денот на уписот во судски регистар на Политички Партии да отвори жиро сметка.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Основен суд во Тетово на ден 13.04.2018 година предлагачот Политичка Партија во основање,Партија Движење за Држава и Правда со скратено име ДДП,преку полномошникот адвокат Томислав Сарковски од Тетово согласно чл.18 од Законот за Политички Партии поднесе барање за упис на Политичка Партија во судскиот регистар на Политички Партии.

Кон барањето ги поднесе доказите кои за бараниот упис ги предвидува,Законот за Политички Партии, записник од основачкото Собрание на Политичка Партија ДДП од 27.03.2018 година,одлука за основање на Политичка Партија ДДП од 27.03.2018 година,изјава за основање на Политичка Партија,Програма на Политичка Партија, како и дополнување на програмата и нејзино прецизирање доставено на 25.04.2018 година,Статутот на Политичка Партија од 27.03.2018 година,одлука за избор на Претседател на Политичка Партија од 27.03.2018 година,одлука за избор на лице одговорно за материјално финансиско работаење на ДДП од 27.03.2018 година,слика во боја на ликовно графички приказ на ознаката на Политичка Партија ДДП,знамето на Политичката Партија, список со имиња и презимиња со ЕМБГи адреси на 1037-илјада и триесет и седум основачи од кои по проверка на судот 1002- се со точни податоци и ЕМБГ, оригинални изјави заверени на нотар за собрани потписи на основачите за Политичка Партија подредени во класери.

Од целосниот преглед на писмените докази судот утврди да од

поднесени 1037 потписи на основачи, 1002 потписи на основачи на Политичка Партија заверени кај нотар се со точни податоци со ЕМБГ,и истите имаат регулирано државјански статус со што е задоволен законски минимум од1000 основачи, граѓани на Република Македонија, кои имаат избирачко право и кои го дале својот потпис за основање на Политичка Партија согласно чл.11од ЗПП.

Во функција на регистрација судот ги разгледа партиските акти, статутот и програмата и оцени дека истите се во согласност со Уставот на Р.Македонија и Законот за политичките Партии.

Особено внимание судот обрна на примената на член 3,член 16 ст.2 и 3 од Законот за Политички Партии и најде дека името и ознаките на ново -основаната Политичка Пар тија се разликува од името и ознаките на веќе регистрираните Политички Партии, како и дека нејзините ознаки не содржат домашни или странски државни ознаки.

Со оглед на изложеното судот одлучи дека се исполнети сите законски услови и претпоставки за регистрирање на горенаведената политичка партија согласно чл. 21 ст.1 и 2 од Законот за политички партии одлучи како во диспозитивот на ова решение, односно донесе решение за упис на политичка партија во судскиот регистар на политички партии на ден 02.05.2018 година, каде истата се води со ознака РПП .бр.1/18 и од денот на уписот во судски регистар на политички партии, Политичка партија е со име Движење за Држава и Правда со скратено име на Политичка Партија ДДП, со седиште во Тетово на улица Благоја Тоска бр. 2Б, и се стекнува со својство на правно лице и може да започне со работа, а исто така е должна да отвори жиро сметка.

Решено во Основен суд во Тетово на ден **02.05.2018** година под **РПП бр.1/18.**

**СУДИЈА,**
**ДУШАНКА МЕРЏАНОСКА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО GJYKATA THEMELORE TETOVË REPUBLIKA E MAQEDONISË

**ПОУКА:Против ова решение не е дозволена жалба согласно чл. 25 од Закон за Политички Пртии.**